Република Северна МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
ул. Бел Камен бр.13 - Виница 2310
Тел. 033 361 945
ovinica@t.mk www.vinica.gov.mk

ВИНИЦА

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
MUNICIPALITY VINICA
Str. Bel Kamen br.13 - Vinica 2310
Phone. +389 (0) 33 361 945
ovinica@t.mk www.vinica.gov.mk

Врз основа на член 50 став 1 точка 14 и точка 16 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на Република Македонија, а во согланост на член 45 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл.весник на РСМ" бр. 32/20 год.), Градоначалникот на Општина Виница донесе:

# О Д Л У К А

**За распишување на Јавен повик за спроведувње на постапка за изработување на урбанистички проекти**

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник
бр. 11-425/2
10 11 2023 год
ВИНИЦА

**Член 1**

Градоначалникот на Општина Виница одлучи да се распише Јавен повик за изработување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.6 и Основен проект за изградба на таложница за предтретман на отпадни води на фекална канализација за с.Липец, КО Липец и Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.6 за изградба на Прочисителна станица за отпадни води за с. Блатец, КО Блатец.

**Член 2**

Јавниот повик за избор на изработување на урбаниситчките проекти да биде објавен во информацискиот систем е-урбанизам и на web- страницата на Општина Виница.

**Член 3**

Вредноста на понудите да биде согласно Тарифникот за вредност на работите од урбанистичко планирање (Сл.весник на Република Северна Македонија бр.140/2021).

**Член 4**

Распишаниот Јавен повик за спроведување на постапка за изработување на урбанистички проекти ќе трае 15 календарски дена од денот на објавувањето.

**Член 5**

Јавниот повик во согласност на закон, ќе го спроведе Комисија за спроведување на постапка за изработување на урбанистички проекти, која ќе е формирана од страна на Градоначалникот на Општина Виница

Република Северна МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
ул. Бел Камен бр.13 - Виница 2310
Тел. 033 361 945
ovinica@t.mk www.vinica.gov.mk

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
MUNICIPALITY VINICA
Str. Bel Kamen br.13 - Vinica 2310
Phone. +389 (0) 33 361 945
ovinica@t.mk www.vinica.gov.mk

**Член 6**

Спроведување на постапката за вршење на избор на понудувач за изработување на урбанистички проекти, ќе се спроведе доколку биде пристигната најмалку една понуда.

**Член 7**

Комисијата има обврска во рок од 5 дена од отварањето на пристигнатите понуди, да изврши еваулација на понудите и да изготви Извештај со Предлог за избор на изработувач на урбанистички план

ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Миле Петков

---------------------

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК
ВИНИЦА
ОПШТИНА ВИНИЦА